**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-2712/**

# З А П И С Н И К

**Од 279.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 30.04.2025 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим,Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Горан Атанасов-Директор на заеднички функции и администрација, Розалина Н Димовска-Раководител на Оддление за правни работи во МРТ, Лозенка Мицевска-Одделение за правни работи во МРТ и Слаѓана Миливојевиќ-Претседател на Синдикална организација при МРТ.

Седницата започна во 10.00 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 278.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Колективен договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ.

3. Разно.

МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на Записникот од 278.седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 278.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 278.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 278.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Колективен договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ.**
На почетокот на расправата од оваа точка на дневниот ред Слаѓана Миливојевиќ Претседател на Синдикална организација при МРТ пред присутните членови објасни како се одвивале целокупните преговори и како е дојдено до конечниот документ кој е доставен пред членовите на разгледување и усвојување.Исто така Претседателката на Синдикална организација при МРТ кажа дека истот се прави со цел усогласување на минималната плата на вработените во ЈРП МРТ, а согласно измените на Законот за минимална плата со кој се утврдува висината на минималната плата во државата, како и согласно важечките одредби од Колективниот договор на ЈРП МРТ.
Средствата по основ на исплата на бруто плата за вработените се предвидени во Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2025 година и за истите се обезбедени средства и не е потребна пренамена.
Розалина Н Димовска раководител на Оддление за правни работи во МРТ го образложи текстот на членот на Колективниот договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ и промените кои се извршени со новите измени.

По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Колективниот договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ.
■**Колективниот договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **8** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**2** члена.

По спроведеното гласање се констатира дека Колективниот договор за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ е **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред не се одржа расправа.

Седницата заврши во 12.30 часот.

Записничар
А.Апулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател